Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 113, 15 ноември 2013 година

ноември 2013 година
Штип

# СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање доцент во наставно-научната област казнено право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област анестезиологија и реанимација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 13

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по житни растенија” од автор доц. д-р Мите Илиевски, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 20

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Житни растенија” од автор доц. д-р Мите Илиевски, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 22

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Скрипта по предметот граѓанско општество” од доц. д-р Страшко Стојановски, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 24

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Основи на cad/cam во електротехника“ (интерна скрипта) од д-р Влатко Чингоски, вонреден професор на Електротехнички факултет, при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 27

**РЕЦЕНЗИЈА** на учебното помагало „Практикум за пополнување на единствен царински документ” од доц. д-р Драшко Атанасоски, асс. м-р Снежана Бардарова и асс. м-р Оливер Филипоски ........ 31

**РЕЦЕНЗИЈА** на скрипта под наслов „Фонетика и фонологија на современиот турски јазик“ од доц. д-р Марија Леонтиќ ........ 33

**РЕЦЕНЗИЈА** на учебното помагало „Практикум по фонетика и фонологија на современиот турски јазик“ од доц. д-р Марија Леонтиќ, Филолошки факултет,Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 35

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 37

**ПРИГОВОР** ........ 38

**ОДГОВОР НА ПРИГОВОР** ........ 40

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА СКРИПТА ПОД НАСЛОВ „ФОНЕТИКА И ФОНОЛОГИЈА НА СОВРЕМЕНИОТ ТУРСКИ ЈАЗИК“ ОД ДОЦ. Д-Р МАРИЈА ЛЕОНТИЌ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, на својата 94. (деведесет и четврта) седница одржана на ден 16.10.2013 година, нè избра за рецензенти за издавање на скриптата под наслов „Фонетика и фонологија на современиот турски јазик“ од доц. д-р Марија Леонтиќ. Му благодариме на Наставно-научниот совет на овој Факултет за укажаната чест и го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот под наслов „Фонетика и фонологија на современиот турски јазик“ од доц. д-р Марија Леонтиќ е конципиран како универзитетска скрипта за потребите на студентите на кои турскиот не им е мајчин јазик од Групата за турски јазик и книжевност по предметот фонетика и фонологија на современиот турски јазик 1 и 2 (застапен во наставните планови во 1 семестар со 3+2+2 фонд на часови и 2 семестар со 2+2+1 фонд на часови), но и за другите групи и воопшто за сите кои сакаат да се запознаваат со основите на фонетиката и фонологијата на современиот турски јазик. Предложениот ракопис е во согласност со наставната програма и ја опфаќа наставната материја по предметот Фонетика и фонологија на современиот турски јазик 1 и 2.

Досега не е објавена иста или слична ваква рецензирана скрипта. Слободно може да се каже дека скриптата би била извор како за запознавањето на оваа важна јазична дисциплина, така и за вкупната јазична оформеност на студентите. Со еден збор, таа ќе придонесе и за практична примена на стандардната јазична норма. Со овој труд авторката придонесува не само за исполнување на наставно-научната и педагошко-дидактичката должност, туку дава важен придонес и за развојот на лингвистичката и научната мисла воопшто.

Ракописот, покрај предговорот, содржи и основни податоци за турскиот јазик. Потоа се преминува на предметот на проучавање на фонетиката и фонологијата. Авторката во овој ракопис ги обработува следните теми: основни познавања за гласот и неговите карактеристики, гласовниот пат и оформување на гласовите, класификација на гласовите, самогласките и согласките во турскиот јазик, гласовните хармонии во турскиот јазик, гласовните карактеристики на современиот турски јазик, гласовните појави, слог, акцент, правопис, скратеници и список на скратеници.

Ракописот е напишан на македонски стандарден јазик, со научен стил, врз научен критериум и педагошка сериозност.

Трудот е составен од два дела, и тоа: I. Основни податоци за турскиот јазик и II. Фонетика и фонологија во рамките на науката за јазикот. Овие два дела се јасно и едноставно презентирани на дескриптивен начин, поточно кажано ги содржи следните основни целини:

I. Основни податоци за турскиот јазик

Во овој дел на трудот опфатени се темите: местото на турскиот јазик во рамките на јазиците во светот, развојните периоди на турскиот јазик, азбуките што ги користеле Турците со примери од тие азбуки и на крајот е дадеана денешната азбука на Турците.

II. Фонетика и фонологија во рамките на науката за јазикот

Вториот дел на ракописот ги содржи следните теми: гласот и неговите карактеристики, гласовниот пат и артикулација на гласовите, класификацијата на самогласките (вокалите) и согласките (консонантите) која е илустрирана со неколку табели. Потоа се дадени гласовните хармонии (вокалната, консонантската и вокално-консонантската хармонија) кои претставуваат еден од најбитните карактеристики на турскиот јазик. Во продолжението со табели се дадени малата и големата вокална хармонија, консонантската хармонија и хармонијата помеѓу вокалите и консонантите.

Во делот *Гласовните карактеристики на турскиот јазик* се опфатени темите: отсуство на долгите самогласки, согласката меко г (ğ), отсуство на двојни самогласки (дифтонг), отсуство на две согласки една до друга на почетокот на зборот, отсуството на меко /a/, гласови што не се наоѓаат на крајот од зборот, отсуство на двојни согласки (геминат) во коренот на зборот, отсуство на тројна согласка на крај од слог и во корен на збор од изворно турско потекло.

Гласовни појави во турскиот јазик - авторката во овој дел на трудот ги обработува темите: гласовни промени (стеснување, озвучување), вметнување (самогласки како помошни гласови, консонанти како помошни гласови), испуштање на глас (испуштање на самогласки и согласки), испуштање на слог (хаплологија), спојување на глас, промена на местото на гласовите (метатеза) и асимилација кај гласовите. Во продолжението авторката пишува за: слог и видови на слогови, акцент и видови на акцент (зборовен, реченичен), местото на акцентот во турскиот јазик.

Од 55 до 72 страница авторката дава многу битни објаснувања во врска со правописот на турскиот јазик и тоа: правописот на сврзниците *ki, da (de), ne...ne*, правопис на прашалната наставка *mİ,* правопис на *iken,* правопис на броевите, употреба на голема буква, правопис на сложените зборови, употреба на интерпункциските знаците. Од 73 до 80 страница се дадени: скратениците, списокот на скратеници и други знаци што се користат во текстови.

Ракописот е составен од 82 страници и е во А4 формат. На крајот е дадена користена литература, во која се опфатени 38 студии, научни трудови и монографии од истакнати турски лингвисти како и дела од врвни лингвисти од балканската и општа лингвистика.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Овој ракопис претставува стручно-научно и педагошко дело изработено со одговорност, научен критериум и точност, заснован врз најновите достигнувања во сферата на фонетиката и фонологијата на турскиот стандарден јазик.

Врз основа на гореизложеното, имаме чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да ја усвои нашата рецензија и на Издавачкиот совет му го препорачаме за издавање трудот под наслов „Фонетика и фонологија на современиот турски јазик“ од доц. д-р Марија Леонтиќ.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Назим Ибрахим, вонреден професор, с.р.**
**Проф. д-р Октај Ахмед, вонреден професор, с.р.**